93-200/201, e-mail: info@adora.com.mk, www.adora.com.mk, www.adoraflatiron.mk


# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА 2015/2016

„Ми причинува задоволство и чест да Ви го претставам четвртиот извештај за општествено одговорните практики на Адора инженеринг за 2015-та и првата половина од 2016-та година, откако нкомпанијата е дел на иницијативата на Глобалниот Договор на ООН. Извештајот ја потврдува нашата заложба за примена на десетте принципи на ООН за почитување на човековите права и правата од работниот однос, Декларацијата од Рио за животната средина и развојот и борбата против корупцијата. На овие принципи се темели долгорочната стратегиска определба на компанијата за реализација на проекти за одржлив развој и поетичко општество, за доброто на вработените, граѓаните и на целата заедница.

По 13 годишен нагорен развој, Адора инженеринг е меѓу првите најбрзорастечки компании, лидер и најголем инвеститор во високоградбата во Македонија во 2015-та година. Паралелно со растот на успехот, продуктивноста и профитабилноста, секоја година се зголемуваше и корпоративната одговорност кон заедницата, а општествено одговорните практики станаа наша традиција. Мотото дека еден човек или компанија не постојат само за себе и за своето опкружување, е основа на долгогодишната практика во секоја општина во Македонија каде компанијата гради станбено-деловни објекти, да вложуваме во вредни и корисни дела за заедницата и граѓаните, за поквалитетен, поздрав, поубав и посреќен живот на сегашните и идни генерации.

По повеќегодишната реализација на различни општествено одговорни практики на индивидуална и корпоративна иницијатива, во декември 2014-та година, Адора инженеринг ја основа фондацијата проф. д-р Ванчо Чифлиганец, како продолжение на филантропската традиција, за поддршка на развојот и унапредувањето на образованието, науката, спортот, културата, уметноста и ранливите категории граѓани, која делува како непрофитна, непартиска, хуманитарна фондација.

Во текот на 2015-та и првата половина од 2016-та година, продолживме со поддршка на Вработените како наше најголемо богатство, преку нивна континуирана доедукација, стручно усовршување, обучување и збогатување на знаењата, стипендирање на последипломските студии, организирана редовна исхрана на градилиштата, обезбедно сместување, надомест на патните трошоци и надомест за одвоен живот на вработените од внатрешноста на државата, со поддршка на нивните семејства за задоволување на животните потреби, со организирање на team building активности. На планот на заштитата на животната средина и креирањето на долгорочно здраво и економично домување, овој потврден градежен бренд кој е пионер во воведувањето на еко домовите во регионот, продолжи со изградбата на енергетски ефикасните станбено-деловни објекти А-класа, за кои има сертификати-енергетски пасоши, постојано унапредувајќи ги енергетските карактеристики на зградите со иновациите и современите светски стандарди и технологии, кои овозможуваат квалитетен, топлински, светлосен и звучен комфор во домувањето, со одлична енергетска и звучна изолација, проектирајќи го првиот станбен објект за зелено домување, со цел да го воведеме овој брзорастечки тренд од светот во Македонија. Во 2015-та и

2016-та година продолживме со грижа за заедницата и граѓаните на кои им е најпотребна помош, организирајќи повеќе хумани активности, за санирање на руинирано основно училиште за деца со посебни потреби, со обезбедување редовни оброци со храна за бездомниците и социјалните случаи, за поддршка на децата без родители во две институции, преку поддршка на развојот на науката, спортот, успешните спортисти, талентираните уметници и културата во Македонија. За поддршка на образованието и напредните ученици, студенти и постипломци, компанијата во изминатиот период организира сертифицирана академија за надградба на претприемачките вештини и бизнис знаења на најталентираните студенти од различни области, поддржа напредни стручни обуки од областа на архитектурата, проектирањето и дизајнот, учествуваше и поддржа манифестации на високошколските установи. Нудејќи им на купувачите секогаш повеќе од дом, Адора инженеринг во 2015-та и 2016-та година подари комплетно додипломско образование на најсреќниот купувач на стан, организира незаборавни патувања за купувачите во Венеција, подели награда комплетно уредување на новиот дом и им подели бројни пригодни подароци на купувачите, како внимание за подарената доверба со изборот на стан од овој градежен бренд. Прв пат во Македонија, купувачите на стан од оваа компанија, добија подарок едногодишно домаќинско осигурување на новиот дом и можност да добијат вреден подарок автомобил со новиот стан.

Врз основа на етичкиот бизнис кодекс, во сите релации внатре и надвор од компанијата, наѓ приоритет е почитување и практиокување на правилата за етичко, морално, чесно, фер, здраво и респектибилно однесување со еднакви можности за сите, со акцент на борбата против митото и корупцијата. За оваа цел, со заложба да дадеме придонес во изградбата на морално и етички здраво општество, почнувајќи од емнаџменот и секој вработен во компанијата, наш приоритет е да изградиме етичка деловна култура ид а ја применуваме во секој сегмент од делувањето на Адора инженеринг, со економски одржлив развој да го споделиме успехот со заедницата, поддржувајќи го просперитетот на поединците и на општеството и со тоа да даме добар пример за бизнис заедницата во Македонија. Спроведувањето на општествено одговорните практики во различни области е препознаено од граѓаните и јавноста, од националното координативно тело за ООП, министерството за економија, ЦИР-а, општините, невладините организации и здруженија и од меѓународните бизнис асоцијации кои со национални признанија и интернационални награди ја афирмираа и вреднуваа корпоративната општествена одговорност на Адора инженеринг.

Нашите општествено одговорни практики продолжуваат и во иднина, со што веруваме дека градежната компанија Адора инженерин г и фондацијата проф. д-р Ванчо Чифлиганец ќе дадат придонес во развојот и промоцијата на општествената одговорност во Република Македонија, регионот и на глобално ниво“.

**проф. д-р Ванчо Чифлиганец**
**ген. дир. на Адора инженеринг**

В. Чифли…

3093-200/201, e-mail: info@adora.com.mk, www.adora.com.mk, www.adoraflatiron.mk

## ВРЕДНОСТИ НА АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ

Адора инженеринг е специјализирана, лиценцирана и меѓународно сертифицирана компанија за проектирање, изведба и продажба на сите категории висока градба по принципот „Од проектирање до клуч на рака“. Овој интернационално потврден градежен бренд, водечка компанија и најголем инвеститор во високата градба во 2015-та година, која е меѓу петте најбрзорастечки компании во Макледонија, се занимава со изградба и продажба на елитни објекти со висококвалитетни станови за колективно домување, луксузни деловни простории за бизниси и модерни подземни паркиралишта, со уредена и озеленета околина. Објектите се градат по најновите светски стандарди и современи трендови за безбедно, квалитетно, комотно, економично и здраво домување, по мерка на купувачите. Изградбата и продажбата на становите, деловните простории и паркиралиштата е на пазарот во Македонија, во Скопје, Охрид и Струмица.

Почетоците на Адора се во 1992-ра година,а од 2002-та Адора инженеринг се фокусира на градежништвото под водство на искусниот и докажан бизнисмен проф. д-р Ванчо Чифлиагнец, кој компанијата успешно ја менаџира 14 години под неговото професионално и животно мото ***Само делата се вистина.*** Од 2002-ра година до денес, овој градежен бренд изгради 40 елитни станбено-деловни објекти со над 2.600 домови, во кои живеат над 11.000 граѓани со нивните семејства. Компанијата е пионер во воведувањето и лидер во унапредувањето на енергетски ефикасните еко домови во регионот, кои на граѓаните повеќекратно им заштедуваат енергија за греење и ладење, прва компаниај е во Македонија која врвната асеизмичка безбедност на градбите ја докажа заедно со ИЗИИС со тест-вештачки земјотрес, со примена на современите технологии и иновативни решенија гради нови комплекси со модерни услови, светски стил и дизајн за квалитетен, топлински, светслосен и звучен комфор за станарите и го воведува глобалниот растечки тренд на зеленотоо домување во Македонија.

Адора инженеринг преку долгорочната стратегија за корпоративна општествена одгвоорност, се грижи за вработените, купувачите, деловните партнери, граѓаните, животната средина и пошироката заедница, преку хуманитарни активности за ранливите категории, со поддршка на развојот на образованието, науката, спортот, културата, уметноста и општеството во целина, активно придонесувајќи во средината каде делуваме, да се сочуваат и негуваат традиционалните вредности и да се остават вредни, корисни и трајни дела за поквалитетен и посреќен живот на сегашните и идни поколенија. Согласно етичкиот бизнис кодекс, во релациите на Адора инженеринг со вработените, купувачите, бизнис-партнерите, локалните и државните институции, граѓаните, асоцијациите и општеството, приоритет е да се почитуваат правилата за етичко, морално, чесно, фер, здраво и респектабилно однесување со еднакви можности за сите, преку грижа за другите членови на заедницата, на кои тоа им е најпотребно.

За своите општествено одговорни активности и придонесот во заедницата во 2015-та и 2016-та година, Адора инженеринг е добитник на високи национални и општински признанија и на престижни интернационални награди од светската бизнис заедница.

## АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ И ОПШТЕСТВЕНАТА ОДГОВОРНОСТ

Мисијата и визијата на Адора инженеринг е да биде пионер, предводник во Македонија и во регионот во воведувањето на новините за поквалитетно домување и во рамките на на долгорочната бизнис стратегија, да гради концепт на општествено одговорна компанија.

„Општествената одговорност има долга традиција во Адора инженеринг. Почетоците датираат од првиот изграден колективен станбен објект во 2003-та година во Карпош, Скопје, каде беше засаден густ, зелен, еко појас за свеж воздух и зелена околина на станарите, кои по повеќе години станаа свесни за позитивните долгорочни придобивки од тоа. Повеќегодишната практика на менаџментот на компанијата за помагање на поединци, институции, манифестации и пошироката заедница, со тек на годините прерасна во долгорочна стратегиска деловна определба за вложување во интерес на секоја општина и секој граѓанин. Целта е корпоративниот успех и профит да се сподели со заедницата, а повратниот ефект од инвестициите и позитивните деловни резултати да се споделат со купувачите и ефектите да ги почувствува јавноста и граѓаните.

Општествено одговорните практики се проширија во повеќе области и станаа составен дел од секојдневното работење на компанијата, водена од мотото со изградбата на безбеден, квалитетен, комфорен, економичен и зелен дом, на купувачите и на граѓаните да им понуди и плус придобивки за поквалитетен, подобар и посреќен живот сега и во иднина. Општествената одговорност е препознатлив елемент од корпоративниот идентитет и важен аспект од бизнис имиџот на Адора инженеринг, на што компанијата работи и преку фондацијата проф. д-р Ванчо Чифлиганец“.

**д-р Драгана Чифлиганец**
**изв. дир. на Адора инженеринг**



**ДОЛГОРОЧНИ ПРОЕКТИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ДОМЕНОТ НА ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИТЕ ПРАКТИТКИ:**

- Вработените се нашето најголемо богатство
- Исхрана за секој вработен на градилиштата
- Континуирана едукација за подобро општество

- Изградба на зелени домови за денес и утре
- Фотоволтаични системи за заедничко осветлување
- Заштита на животната средина
- Озеленување на станбените објекти
- Вложување во општините за доброто на граѓаните
- Поддршка на заедницата и поединците
- Грижа за купувачите
- Грижа за добавувачите

## АДОРА ИНЖЕНЕРИНГ ВО ГЛОБАЛНИОТ ДОГОВОР НА ООН

Адора инженеринг од мај 2012-та година е членка на Глобалниот Договор на ООН, најголемата глобална иницијатива за општествена одговорност. Со тоа компанијата зазеде поструктуриран пристап кон општествената одговорност, во согласност со принципите поврзани со човековите и работнички права, заштитата на животната средина и борбата против корупцијата, стремејќи се и во иднина да ги следи светските текови во оваа сфера. Компанијата за своите општествено одговорни проекти континуирано ја информира јавноста преку транспарентен систем на известување, во духот на етичкото и траспарентно делување.

**ГРИЖА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ**

Човечките ресурси се главен двигател и најголемо богатство на Адора инженерин, компанија која почнувајќи со само двајца вработени во 2002-ра година, во 2015-та година достигна бројка од 400 вработени.

- Имајќи во вид дека во градежната дејност постојат реални ризици при работењето, компанијата е мотивирана да се грижи за своите вработени, преку адекватна заштитна опрема за безбедноста на работниците на градежните објекти. За работниците на градилиштата години наназад секојдневно се обезбедени редовни квалитетни топли оброци за време на работата, иако тоа не е законска обврска за работодавачот од 2009-та година наваму, но и покрај тоа компанијата се грижи за секојдневна организирана исхрана на градежните работници.
**Во текот на 2015-та и до 01.06.2016-та година Адора инженеринг подели вкупно 198.600 оброци на вработените на градилиштата, за што компанијата потроши 13.900.500 денари**

- За сите градежни работници, инженери и другиот кадар кој работи на градежните објекти, Адора инженеринг, согласно стандардизацијата на градежната дејност, редовно обезбедува и ја заменува со нова соответната работна опрема, со што овозможува безбедност и здравје на рабтоното место согласно Законот за безбедност и здравје при работа. Градежните работници поседуваат сертификати за обученост за соответната работа, а компаниајта има соответни сертификати за безбедност на машите, за бучавост и вибрации, за соответна светлина и топлина на работното место. Согласно законските акти се прават редовни систематски и здравствени прегледи на вработените, а во работните простории има соотвена опрема за прва медицинска помош и противпожарна заштита. Согласно законските обврски, а свесни за ризиците на кои се изложени работниците, особено внимание се посветува на мерките за здравје и безбедност при работа, како и на нивна надградба и усовршување.

- Компанијата во текот на 2015-та и првата половина од 2016-та година реализира, финансиски и стручно поддржа повеќе едукативни обуки за актуелните и потенцијални вработени, со цел тие се поконкурентни на пазарот на трудот и попродуктивни и поуспешни во компанијата; стипендираше талентирани студенти за подигнување на нивните практични знаења и бизнис вештини, поддржа обуки на студенти по архитектура и дизајн за повисоко ниво на меѓународно сертифицирани знаења; дел од нив се вработија во компанијата или работеа на проекти за нејзините потреби ; продолжи со поддршка на постдипломските студии на 7 магистарнти вработени во компанијата кои ги усовршуваат своите знаења по енергетска ефикасност, продажба и недвижности, маркетинг, односи со јавност, финансии, менаџмент, целосно ги покри трошоците за еден свој докторант од областа на архитектурата и градежништвото; го поддржа учеството на вработените на стручни конференции и посета на меѓународни

…93-200/201, e-mail: info@adora.com.mk, www.adora.com.mk, www.adoraflatiron.mk

конференции; стипендираше деца на вработени; исплати надомест за патни трошоци, одвоен живот и обезбеди сместување за вработените од внатрешноста; ги помогна семејствата на вработените; организира патување за проектантите во Дубаи за инспиративни идеи за идните проекти; организира групно патување во Париз за дамите на компанијата за меѓународниот ден на жената; организира заеднички прослави на вработените за пригодни поводи, лични значајни настани и датуми и различни team building активности..

**-Во 2015-та година, Адора инженеринг ја организира и реализира првата сертифицирана академија Адора инженеринг во соработка со Националната асоцијација на престижни академски граѓани – НАПАГ, со стипендирање на 10 талентирани студенти од Македонија, за што компанијата потроши 123.000 денари.**
**-Во 2015-та и 2016-та година целосно ги финансира докторските студии за инженер-архитект Небојша Јовановски за кој досега се уплатени 66.700 денари.**
**-Во 2015 и до 01.06.2016 година, компанијата Адора инженеринг одвои 636.766 денари за стручни обуки и едукација на своите вработени**
**-Компанијата стипендираше дете на вработен во Адора инженеринг- 5000 денари**

**-Од 01.01.2015 до 01.06.2016, Адора инженеринг за сместување на градежните работници, покривање на патни трошоци и оддвоен живот за своите вработени, потроши вкупно 33.952.040,00 денари**

**-За систематски прегледи на вработените, Адора инженеринг во 2015-та и првата половина од 2016-та година потроши 440.000 денари**
**-За поддршка на Саемот за кариера на градежен факултет-2015 и 2016 година, компанијата потроши 34.000 денари**
**-Компанијата оганизира бесплатна Autocad обука и подготвителна обука за полагање ACU испити, заедно со СЕМОС едукација, за што Адора инженеринг додели 11 меѓународно признаени ACU сертификати и вложи 34.100 денари**
**-За поддршка на летната меѓународна школа за архитектура на Американ колеџ 2015 , вложени се 60.000 денари**
**-Во 2015-та година компанијата додели стипендии за поддршна на едукацијата на 5 студенти за напредните обуки 3Д МАКС 2015, Autodesk Америка во сертифициран тренинг центар во Македонија, во соработка со Kumev brothers production, за што вложи 31.700 денари**
**-За организирана посета на архитектите од Адора инженеринг во Дубаи, мај 2015, компанијата потроши 271.320 денари**
**-За стручни обуки, семинари и усовршување на вработените во 2015-та и до 06.2016-та година, компанијата вложи 448.431 денари**

**-Како дел од team building активностите, за организирано групно патување во Париз за дамите од Адора инженеринг по повод меѓународниот празник 8-ми март 2016, компанијата вложи 399.466 денари**

Целта на долгорочниот проект Вработените се наше најголемо богатство, е продуцирање, креирање, поддршка и негување на стручни, едуцирани, вешти,

...3093-200/201, e-mail: info@adora.com.mk, www.adora.com.mk, www.adoraflatiron.mk

компетентни, продуктивни и успешни вработени, како носители на успешниот развој на компанијата и двигатели на нејзината профитабилност, низ директна, непосредна и отворена комуникација на вработените и менаџментот на сите ниавоа во компанијата, без дискриминација на вработените по ниту една основа и со еднакви можности за сите. Од проектот корист имаат вработените, компанијата, националната економија и просперитетот на целокупното општество, со кое, преку одржлив економски развој се споделува успехот, преку поддршка на граѓаните и вложување за доброто на сите граѓани.

Во структурата на 400-те вработени во Адора инженеринг во 2015-та година има тројца доктори на наука, тројца магистри, 8 магистранти, 50 вработени биле со високо образование, 200 биле со средно образование, а останатите квалификувани и ниско квалификувани работници. Во структурата на вработените, преовладуваат работниците од машки пол, најмногу поради природата на оперативната дејност во градежната индустрија, работата на градилиштата со градежни машини и оператива, на објекти со голема височина, претежно физичка работа и сл. Во дирекцијата на компанијата, во административниот, проектатскиот, финансискиот, правниот, комерцијалниот, продажниот и секторите за инвестиции и развој, недвижности, маркетинг и односи со јавност и во кабинетот на генералниот директор, над 90 % од вработените и менаџерите се од женски пол, кои се распоредени на многу значајни, одговорни, менаџерски позиции во компанијата, каде извршниот менаџер е жена. Во однос на етничката структура, освен претставниците на македонската заедница, меѓу вработените има припадници на турската, албанската и ромската етничка заедница. Во структурата на вработените и работните позиции, застапена е родова, етничка и религиска еднаквост, без привилегии и дискриминација. Единствениот критериум за вработување во компанијата не е ниту родовата, ни етничката припадност, туку единствено професионалноста, стручноста, трудољубивоста, чесноста, одговорноста и посветената работа, чии резултати ги чувствуваат и уживаат сите вработени и пошироката заедница.

## НАШИТЕ ВРАБОТЕНИ АКТИВНИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Вработените во Адора инженеринг се активни чинители во одредување и развивање на стратегијата за општествена одговорност на компанијата и во реализација на активностите со коишто се помага пошироката заедница. Менаџментот на компанијата ги зема во предвид предлозите и идеите на вработените и врз основа на нивните иницијативи се планираат и реализираат практики од општ интерес и се организираат волонтерски акции во различни домени, како националните акции за озеленување на Македонија и акциите за засадување зелени појаси околу станбено-деловните објекти на компанијата; хуманитарните акции за помош на ранливите групи граѓани; посета и другарување со децата без родители; делење топлки оброци на бездомниците и социјалните случаи; донации на парични средства преку купување на часописи дистрибуирани од лицата со псоебни потреби и други општествено корисни волонтерски активности.

…93-200/201, e-mail: info@adora.com.mk, www.adora.com.mk, www.adoraflatiron.mk

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во 14 годишното постоење, Адора инженеринг како градежна компанија од високоградбата, согласно европските и светски стандарди, современите трендови, технологии и иновации за квалитетно, здраво, економично и зелено домување, беше првата компанија која во Македонија и регионот ги изгради енергетски ефикасните домови и е лидер во нивното унапредување. Еден од нависоките приоритети во долгорочната развојна стратегија во рамките на корпоративната општествена одговорност е изградбата на енергетско ефикасни, еко, зелени домови за денес и иднината. Идејата за реализирање на овој долгорочен проект произлезе од визијата и мисијата на Адора инженеринг, за воведување на зеленото домување, со изградба на станбено-деловни објекти со квалитетен, топлински, светлосен и звучен комфор, кој во целост ќе ги исполни очекувањата на купувачите и постојано ќе се усовршува, согласно најсовремените еко стандарди, во корист на здравјето на граѓаните, со позитивни ефекти на заштеди во домашниот буџет на станарите, за чување и заштита на животната средина и со позитивни придобивки за општеството. Со изградба на станбено-деловни објекти со одлична енергетска и звучна изолација, многу природно светло, свеж воздух и комфор за станарите, продолжува практиката за воведување на енергетски ефикасните домови, што започна уште во 2009 година, со изведба на нов тип фасади при изградба на објектите Ѓорче Петров, Под Водно, Аеродром и комплексот „Адора“ Ново Лисиче, Аеродром, Скопје, Парк во Струмица, Билјанини Извори во Охрид и комплексот „Адора“ во општина Аеродром-Скопје, кој продолжува да се реализира, сега и со изградба на најновите комплекси Адора Flatiron Скопје и Адора Diamond Garden, со постојано зајакнување на енергетските карактеристики на станбените-деловните објекти, кои ја намалуваат потрошувачката на енергија за греење и ладење до 6 пати, споредено со порано, со што неколкукратно се намалуваат и трошоците за електрична енергија за греење и ладење во новоизградените објекти, од што најголема корист имаат граѓаните кои живеат во новите станови на Адора инженеринг. Оваа компанија прва ги воведе фотоволтаичните системи на сончеви колектори, како обновливи извори на енергија, за заедничко осветлување во зградите, со што се заштедува енергија, не се добива посебна сметка за заедничкото светло и тоа не зависи од јавното осветлување. Со цел да ја заштити и разубави животната средина на станарите во своите објекти, Адора инженеринг почнувајќи од првиот станбен објект во Карпош во 2004-та година, редовно хортикултурно ги оплеменува и озеленува сите објекти со зелени еко појаси и цветни градини кои имаат естетска вредност и заштитна улога како еко појаси и бели дробови на животниот простор околу зградите.

Адора инженеринг во 2015 година ги заврши и предаде становите од двете згради на Г.П. 3.13 и Г.П. 3.16 во Ново Лисиче и во зградите Аеродром Парк 2 и Аеродром Црква 2 и Аеродром Парк 3. Продолжува со градење на Аеродром Градинка и Аеродром Кружен тек во новиот комплекс „Адора“ во општина Аеродром, Скопје, како и со градење на Комплексот Адора Flatiron Скопје во Кисела Вода. Сите објекти се со одлична енергетска ефикаснот и звучна изолација.

-Изведени се фасадни ѕидови со термо блок со дебелина од 16 cm, внатрешно малтерисани, надворешно изолирани со 12 cm изолација; фасадна столарија со безметални ПВЦ профили, застаклени со термопан стакло пакет со нискоемисионо стакло; кровна плоча над поткровјето термички изолирана со два слоја на изолација ( 5 cm тврдо и 10 cm меко пресувана минерална волна ) заштитена со ПВЦ фолија и паропропусна, водонепропусна фолија; подна конструкција кон негреани простории е соодветно термоизолирана – над отворен простор со 12 cm изолација ( графитен ЕПС ) кон локали со 5 cm изолација, кон гаражи со 10 cm изолација.

-Добиени се два нови сертификати за енергетска ефикасност А класа издадени од лиценцирана фирма

-Поставени фотоволтаици за осветлување на заедничките делови на зградите на сончеви колектори, на обновливи извори на енергија, со заштеда на енергија, без посебни сметки за струја и независни од јавното светло

-Озеленување и хортикултурно уредување на околината на новите станбено-деловни објекти на компанијата и учество во националните акции за зелена Македонија

-**ИНОВАЦИЈА**: Креиран е повеќеслоен преграден ѕид за новиот станбено-деловен комплекс Адора Flatiron Скопје, ѕо звучна изолација со индекс на звучна пропустливост до 63 db, што е 80 % над македонските стандарди – лабораториски тестиран, со третман на 5-те принципи на звучна заштита. Станарите покрај енергетскиот пасош, ќе имаат услови да добијат и сертификат за звучната изолација, проектирана и изградена, измерена од овластена институција.

-Со новиот дизајн ан ентериерот и екстериерот, новите објекти со атриуми, средишни внатрешни заеднички простори со стаклен кров, се извор на многу природна светлина и циркулација на свеж воздух во целиот комплекс, со што се создаваат услови за квалитетено домување, со топлински, светлосен и звучен комфор.

-Добиените сертификати за енергетска ефикаснотс А-класа, ( што е повисоко ниво од Ц класата, предвидена како минимум за новите станбени обејкти со Правилникот за енергетски карактеристики на згради од 2013-та година ) потврдуваат дека новите објекти на Адора инженеринг повеќекратно заштедуваат потрошувачка на енергија за греење и ладење, и ја намалуваат емисијата на $CO_2$ во воздухот, што резултира со долгорочна економичноста на домовите за станарите, кои повеќекратно заштедуваат трошоци и пари за греење и ладење споредено со порано, се овозможува поквалитетно и поздраво домување на граѓаните и се зачувува и заштитува животната средина, како непроценливо богатство и едиснтвен дом за сегашните и идни генерации.

**-За набавка на изолациски материјали со одлични карактеристики во периодот 2015-та и прва половина од 2016-та година компанијата вложила 8.472.518 денари, за набавка на фотоволтаични системи за заедничко осветлување потрошени се 8.600.000 денари, а за набавка на садници за озеленување на своите објекти и за учество во национални акции, потрошени се 350.000 денари. За следење, унапредување и примена на најновите трендови и стандарди за изградба на зелените домови во Македонија, компанијата постојано вложува и ги поддржува за усовршување и доедукација своите инженери, архитекти, градежни техничари и кровопокривачи, а користи и искусни надворешни консултанти.**

…93-200/201, e-mail: info@adora.com.mk, www.adora.com.mk, www.adoraflatiron.mk

## МЕРКИ ЗА СООТВЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Адора инжененинг во секојдневното работење постојано води сметка за соотвено управување, собирање и одлагање на отпадот од градежни и други материјали.

Цврстиот отпад од дрва се собира и продава на компании и физички лица за огрев, отпадното железо се собира и продава како старо железо, отпшадот од ПВЦ, пластика и сл, се продава на компании за рециклирање, отпадоците од хартија се собираат и продаваат како стара хартија за рециклирање, цврстиот градежен шут и отпад од бетон, цигли и сл, го отстрануваат и депонираат компаниите-подизведувачи кои со договор се обврзани на тоа. Отпадот од градежниот шут направен од Адора инженеринг се одлага и депонира во еко контејнер со зафатнина од 7 м³. Од сите градилишта постојано и соответно се сервисира одлага фекалниот отпад од подвижните тоалети, што ги користат градежните работници.

Во 2015-та и првата половина од 2016-та година, од градежните објекти на Адора инженеринг се собрани 14 м³ градежен шут од цигли и бетон, 81 t отпад од железо, 123 kg отпад од хартија и 1.0483 cl фекален отпад. Целиот отпад комплетно е одложен и рециклиран.

Во соработка со ПАКОМАК, Адора инженеринг има поставено канти за селектирање и собирање на отпадот од пластика и хартија, во сите станбени објекти на компанијата во Скопје. Целта е да се даде придонес во подигнување на еко свеста на станарите и граѓаните, тие да се едуцираат и да практикуваат активности за долгорочна заштита на животната средина од загадување, за соответна грижа за заедницата во која живееме и ќе ја оставиме на идните генерации.

## ГРИЖА ЗА ЗАЕДНИЦАТА

**Заедно градиме поздраво, похумано и посреќно општество со еднакви можности за сите**

Идејата за реализација на овој проект е резултат на долгорочната политиката на работење на Адора инженеринг и филозофијата дека вистински успешна, моќна, влијателна компанија која е лидер во своето работење е онаа која освен за вработените и купувачите, се грижи за граѓаните и заедницата, преку одвојување од остварениот профит за градење на подобро, поздраво, посреќно и похумано општество. Со долгорочниот проект **Вложуваме во општините каде градиме станбено-деловни објекти, за доброто на граѓаните** и конкретните активности за поддршка и вложување во заедницата, ја исполнуваме нашата мисија и визија за градење на подобро утре на сегашните и идни генерации. Минатата 2015-та и оваа 2016-та година се во знакот на хуманите донации и помош на оние на кои тоа им е најпотребно, на ранливите, маргинализирани категории граѓани. Посебното основно училиште „Д-р Златан Сремец“ во Кисела Вода, Скопје, кое се наоѓа непосредно до новиот комплекс Адора Flatrion Скопје се обрати со молба до компанијата да помогне да се санира повеќегодишниот проблем на прокиснување на дотраениот школски покрив, што резултира со идеја компанијата да им помогне на децата со пречки во психичкиот развој, аутизам и мултихендикеп подобри услови да добијат пристојни и безбедни услови за реализација на воспитно-образовниот процес, за рехабилитација и престој во оваа установа. Поддршката, хуманоста и солидарноста за

ранливите групи граѓани продолжи со разгледување и прифаќање на иницијативата на Здружението на граѓани КОНЕКТ за поврзување со невладините асоцијации Вистински дела на љубезност и Ретвитни оброк, за собирање и делење на хуманитарни оброци пред Куќата на Мајка Тереза во Скопје секоја сабота во 12 часот. Идејата беше Адора инженеринг да се вклучи во оваа хумана акција со редовно обезбедување вкусни и топли оброци за бездомниците и социјалните случаи, со цел да им се помогне и барем за миг да им се врати насмевката на овие лица и да се разбуди желбата и надежта за посреќен живот. Со цел да ги усреќиме барем малку и да минат незаборавни заеднички мигови на забава, радост и среќа, добивме идеја дечињата од СОС Детско село и од Домот за деца без родители 11-ти Октомври организирано да ги однесеме на концерт на естрадната поп дива Тамара Тодевска и да другаруваат со овој нивен музички идол. Наша идеја и мисла водилка е да помагаме и хумано да делуваме, како и да го поддржуваме развојот и напредокот на младите и амбициозни таленти во науката, спортот, музиката и уметноста, да бидеме дел од многубројни победи, заеднички да се радуваме на успесите и високите остварувања. На крај, корист од оваа идеја имаат талентираните кои остваруваат успеси, но и општините и државата, чии најдобри амбасадори и афирматори се успешните спортисти, културни работници и уметници.

**-Над 100 деца со посебни потреби, пречки во развојот, аутизам и мултихендикеп во ПОУ д-р Златан Сремец во Кисела Вода-Скопје, ја минаа првата зима, на почетокот на 2016-та, без прокиснување од дожд, снег и поплави во училишните простории, во сува и безбедна зграда со попристојни и подобри услови за квалитетна настава. –компанијата потроши 59.200 денари**
**-Над 375 граѓани од најранливите категории, бездомници и социјални случаи во Скопје, добија топол и вкусен оброк, со редовните саботни донации на храна од Адора инженеринг во акцијата Ретвитни оброк пред Куќата на Мајка Тереза во 2016-та година-компанијата вложи 31.500 денари**
**-Над 120 дечиња без родители организирано со гратис влезници присуствуваа, се радуваа, другаруваа и се забавуваа на првиот солистички концерт на поп дивата Тамара Тодевска во ноември 2015-та, потоа прогласен за најдобар концерт на годината, на кој настапи девојче од СОС Детско село со своја точка на концертот на Тамара, незаборавно за цел живот-поделени 120 гратис влезиници.**
**-Со енерално покровителство на концертот на поп пејачката Тамара Тодевска, во номеври 2015-та, компанијата ја поддржа оваа талентира уметница и развојот на културата во Македонија-компанијата вложи 383.028 денари.**

- **-Развој и нови успеси на кик боксерот Димитар Ѓорѓиев, светски шамшионски титули и други меѓународни и национални признанија-компанијата потроши 159.058 денари.**

## ГРИЖА ЗА КУПУВАЧИТЕ

**Адора инженеринг секогаш нуди повеќе од дом**

Мотив за реализација на овој долгорочен општествено одговорен проект е

да создадеме среќни купувачи кои својата животна инвестиција за решавање на егзистенцијалното станбено прашање, со купувањето на стан и создавањето нов дом, комплетно ѝ ја доверуваат на Адора инженеринг. За компанијата тоа значи голема професионална, етичка и морална одговорност, што претставува дополнителен мотив за посветена, квалитетна работа и за постојано залагање за постигнување најдобри резултати во градењето. Сакаме да предизвикаме задоволство кај купувачите и нивните семејства, позитивните коментари ни се сатисфакција, а забелешките мотив да бидете уште подобри во иднина, сакаме да имаме среќни купувачи кои долгорочно ќе ги уживаат сите придобивки од квалитетното домување, осовременето со иновации и светски трендови. Мотив плус за овој проект е создавањето на едно поинакво искуство со Адора инженеринг, компанија која својот имиџ 14 години го гради во функција на среќни купувачи, кои решавајќи го егзистенцијалното станбено прашање, со нас патуваат на интересни дестинации, добиваат автомобил, осигурување на домаќинството, обезбедуваат бесплатно школување за децата, комплетно си го опремуваат новиот дом, добиваат вредни и симболични подароци и доживуваат изненадувачки пријатни моменти кои не ги очекувале. Проектот се води од синтагмата : Еден задоволен купувач е еднакво на пет потенцијални купувачи, што го зголемува интересот за нашата понуда, расте продажбата и профитабилност, со тоа може да се издвојат повеќе средства за реализација на овој проект за новите купувачи и на крај проектот резултира со повеќе задоволни купувачи, повеќе среќни семејства, со што се поддржува градењето и развојот на посреќно општество во целина.

-За купен стан од Адора инженеринг на Саемот на недвижности Realexpo, март, 2016-та, Скопје, на најсреќниот купувач Аида Чкалоска, извлечена во наградна игра, доделен и е подарок целосно школување за додипломски или постдипломски студии во соработка со Универзитет Американ колеџ-Скопје- регулирано со договор за поддршка на образованието од реалниот бизнис

-Адора инженеринг во соработка со Евроинс осигурување, за секој купен стан во новиот атрактивен комплекс АДОРА FLATIRON СКОПЈЕ, почнувајќи од 2015-та година, обезбедува ПОДАРОК ОСИГУРУВАЊЕ НА ДОМОТ И ДОМАЌИНСТВОТО во рок од една година-регулирано со договор

-Доделен е подарок - комплетно опремување на стан за најсреќниот извлечен купувач во наградна игра, фамилијата на Никола Петковски за купен стан од Саемот за недвижности Realexpo, март, 2015-та, во вредност од 5000 евра.

-Доделени наградни патување за двајца со авион во Венеција по повод Денот на вљубените, за секој купен стан на сите купувачи во период од 5-ти до 22-ри февруари 2016 година, за што компанијата вложи 202.740 денари

-Обезбеден е вреден подарок автомобил Мазда за најсреќниот купувач на стан во Адора Flatiron Скопје- регулирано со договор за соработка со Мазда

-Во текот на 2015-та и првата половина на 2016-та година, доделени им се подароци на потенцијалните купувачи,фб фанови: вечери, книги, влезници за концерти и претстави, организирани за пригодни поводи

- Во реализација на активностите за грижа за купувачите, активно се ангажирани и псоветено работат сите вработени, стручни кадри, секторот за продажба, маркетинг, односи со јавност, под водство на менаџмент на компанијата.

## НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

За најдобри општествено одговорни практики во 2014-та година, Адора инженеирнг од министерството за економија и националното координативно тело, во октомври 2015-та доби две признанија во категориите вложување во заедницата и заштита на животната средина. Наградени се долгорочниот проект Вложуваме во општините за доброто на граѓаните за изградба на Духовниот храм, православна црква Свети Јован Крстител во Скопје и за долгорочниот проект Заедно градиме поздрава иднина за Енергетски ефикансите домови А-класа.

Социјалната одговорност беше еден од главните фактори кои придонесоа Адора инженеринг во мај 2016-та година да ја добие престижната интернационална награда The BIZZ во Монте Карло, Монако од Светската бизнис конфедерација за иновативност во квалитетот и стилот на домувањето во новите станбено-деловни објекти Адора Flatiron Скопје и Адора Diamond Garden со најсовремена енергетска ефикасност, звучна изолација и зелено домување, за прв пат во Македонија.

## ПЛАНСКИ ЦЕЛИ ЗА 2016 ГОДИНА

Адора инженеринг во 2016-та година продолжува со реализација на планските цели од долгорочната стратегија за општествено одговорни практики, во согласност и со поддршка на главните принципи на Глобалниот Договор на ООНза човековите права, работничките права, животната средина и антикорупцијата.

- Продолжува долгорочниот проект за редовна секојдневна организирана исхрана на сите вработени на градилиштата
- Продолжува проектот за доедукација, стручно обучување и постојано усовршување на актуелните и потенцијални вработени, како клуч за подобра компанија и попросперитетно општество
- Продолжува проектот за обезбедување сместување на дел од вработените од внатрешноста, во Скопје, за надомест на патните трошоци и средства за одвоен живот на работниците
- Продолжува долгорочниот стратегиски проект за изградба на енергетски ефикасните, еко домови за зелено домување, со квалиеттен, топлински, светлосен и звучен комфор, повечекратна зштеда на енергија за греење и ладење, за здраво и економично домување
- Иновативно воведување на одлична звучна изолација во новите домови преку креирање на повеќеслоен ѕид, со индекс на звучна пропустливост до 63 db, 80 % над македонските стандарди
- Продолжува инсталирањето на обновливи извори на енергија, соларни системи со фотоволтаици кои штедат енергија и пари
- Продолжува проектот за соодветно управување, одлагање и рециклирање на отпадот од градилиштата на компанијата

- Продолжува долгорочниот проект за озеленување и хортикултурно оплеменување и уредување на околината на сите ибјекти на градежниот бренд

- Продолжуваат хуманитарните активности за поддршка на најранливите групи во општеството, маргинализираните категории граѓани, социјални случаи, лица со посебни потреби, деца без родители, бездомници, сиромашни и гладни граѓани, на кои им е најпотребна помош.
- Продолжува долгорочниот проект за вложување и грижа за заедницата во сите општини каде компанијата гради објекти, за доброто на граѓаните, за поквалитетен и посреќен живот на сегашните и идни генерации
- Продолжува поддршката на развојот на образованието, науката, спортот, културата и уметноста, на доделување стипендии за талентирани ученици, студенти, спортисти и уметници во Македонија и други хуманитарни акиции и донации преку фондацијата проф. д-р Ванчо Чифлиганец
- Продолжува долгорочниот проект на грижа за купувачите кои преку поддршка, вредни награди, пригодни подароци и внимание, од компанијата секогаш добиваат многу повече од дом
- Изградба на пострατешки приод и програма за волонтирање и вклучување на вработените во компанијата во интерес на граѓаните, пошироката заедница и општеството во целина, во соработка со други организации, институции и асоцијации.

**Подготвила Нина Кепеска** — **Адора инжинеринг**

**Менаџер за општествена одговорност** — **Скопје, август 2016 г.**